# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

16 август 2016 | Излегува по потреба | Година XI | број 10



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3719/1**
**од 15.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 12.08.2016 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | Самофинанс. | Дотации | Донации | Кредит |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следниве потставки :** | | | | |
| **00** | | | | |
| 744311 Други тековни донации | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **10.000.000** | **0** |
| **Се зголемуваат расходите на следниве потставки :** | | | | |
| **Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | |
| 423410 Прехрамбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 500.000 | 0 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 500.000 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 2.500.000 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 |
| 471160 Еднократна парична помош и помош во натура | 0 | 0 | 3.500.000 | 0 |
| **ЕА КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 2.000.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **10.000.000** | **0** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и станува составен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година.

**Број 09-3475/2**
**од 12.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИИ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донации, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 12.08.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3719/2**
**од 15.08.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 12.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИИ

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба ги прима сите пристигнати и идни донации во материјални добра и финансиски средства од домашни и странски физички и правни лица, наменети за ублажување на последиците од елементарната непогода на ден 06.08.2016 година, која зафати дел од подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Пристигнатите донации можат да се користат исклучиво за ублажување на последиците од елементарната непогода.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ги склучи сите пристигнати и идни договори за донација во писмена форма, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 4**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, по склучување на договорите од членот 2 на оваа одлука и издавање на потврди за прием на донации на барање на давателите на донациите согласно законот, стварите предмет на донација да ги воведе во финансиско-материјалната сметководствена евиденција како сопственост на општината.

**Член 5**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, по отстранување на последиците од елементарната непогода, да изготви извештај за сите примени и реализирани донации и да ги достави до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' а ќе се применува до отстранување на последиците од елементарната непогода.

**Број 09-3475/3**
**од 12.08.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година; . . . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за примање на донации; . . . . . . . . . . 4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.10/16**
**49 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр. 2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ